

# Стратегија
# ЗА СОРАБОТКА НА ОПШТИНА ДЕБАР СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР И НЕГОВ ПОСТОЈАН РАЗВОЈ

2012-2015

ОПШТИНА
ДЕБАР

# Стратегија
# ЗА СОРАБОТКА НА ОПШТИНА ДЕБАР СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР И НЕГОВ ПОСТОЈАН РАЗВОЈ
## 2012-2015

Проект: Граѓански дијалог на локално ниво“
Проектот е финансиран од Европската Унија

„Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Македонски центар за меѓународна соработка и на нинакаков начин не ги одразува гледишта на Европската Унија.“

МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МАЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Проектот е спроведуван од МЦМС



# Содржина


## I ВОВЕД

1.1. Општа цел на Стратегијата ........ 2

1.2. Методологија ........ 3

1.3. Принципи ........ 3

1.4. Опфат на граѓанскиот сектор: целна група ........ 5

## II ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО ДЕБАР 6

## III СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ 10

3.1. Воспоставен механизам на соработката помеѓу општината Дебар и граѓанските организации и неформални групи граѓани ........ 11

3.2. Зголемување на учеството на граѓанските организации во процесите на планирање и спроведување на локалните политики ........ 13

3.3. Развивање стратешки партнерства помеѓу општината Дебар и граѓанските организации ........ 14

3.4. Воспоставен механизам за (финансиска) поддршка на заеднички иницијативи на општината и ГО ........ 15

3.5. Унапредување на улогата на ГО и волонтерството во одржливиот развој на општината 16

## IV СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И РЕВИЗИЈА 18

## ПРИЛОГ1 АКЦИСКИ ПЛАН 20



# I ВОВЕД

Граѓанското учество во процесот на донесување одлуки е од клучно значење за секое општество кое се декларира како демократско, а посебно е важно за младите демократии. Создавањето институционални механизми за соработка на граѓаните и државните органи и тела, особено на локално ниво, во процесот на креирање на политиките и на други акти е основа на партиципативната демократија.
Општина Дебар во целост ги препознава важноста и улогата на граѓанскиот сектор во развојот на демократските процеси во општината и општо во развојот и подобрувањето на животот во заедницата. Граѓанските организации (ГО) во Дебар многу пати во изминатиот период ја потврдиле својата посветеност на пресретнување на потребите на граѓаните преку бројни активности од различни области, како: социјална и хуманитарна помош, културни манифестации, спортски настани, поддршка на образованието, еколошки акции, оспособување на младите, охрабрување на маргинализираните групи и сл.
Тргнувајќи од овие факти, општина Дебар одлучи да ја унапреди соработката со граѓанските организации и да придонесе кон нивни постојан развој, а со цел да придонесе кон зголемени граѓански иницијативи и развиена локална заедница од секој аспект.
Општина Дебар и досега соработуваше со граѓанскиот сектор, иако нема официјално назначено лице со јасен опис на надлежности за оваа соработка. Меѓутоа, овој стратешки документ и мерките предвидени со него ќе треба да претставува водечка рамка за политиката на општината кон граѓанскиот сектор и кон развивање на граѓанскиот активизам. Усвојувањето на Стратегија за соработка на општина Дебар со граѓанскиот сектор и негов постојан развој е индиректен придонес и кон реализирање на една од стратешките заложби определени во Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011 г.). Имено, во седмата цел од националната стратегија предвидено е *„Преку промовирање на целите и мерките на стратегијата на локално ниво, единиците на локалната самоуправа ќе ја препознаат важноста на соработката и развојот на локалните граѓански организации и ќе можат да усвојат слични механизми за соработка и вклучување на граѓанските организации во спроведување заеднички активности“.*
Процесот на подготовка на стратегијата е воден од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) како дел од проектот „Граѓански дијалог на локално ниво“ спроведуван од МЦМС, а финансиски поддржан од Европската Унија преку Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР).
Стратегијата е усвоена на 27 декември 2011 г. на 28 седница на Советот на општина Дебар.

## 1.1. Општа цел на Стратегијата

Општа цел на Стратегијата е зацврстување на соработката на општината со граѓанскиот сектор и унапредување на заедницата преку активно вклучување на граѓанските организации во процесите на креирање заеднички политики и одржлив развој.

Стратегијата претставува водечка рамка за среднорочна политика на поддршка на развојот на граѓанскиот сектор во Дебар. Општината ќе ги поддржува граѓанските организации со цел нивно јакнење, етаблирање и препознавање од локалната заедница како основни форми на здружено изразување на локалните потреби. Општината ќе ги преземе сите неопходни мерки во сопствените редови да осигури механизам којшто ќе ја дава основната поддршка на вклучувањето на граѓанските организации во идентификувањето и во креирањето на локалните политики, а со тоа индиректно ќе треба да се придонесе и кон поодржливи решенија засновани на локални ресурси во секоја смисла (човечки, материјални и сл.).

Општината ќе цели досегашната успешна соработка со граѓанските организации да ја преточи во понапредни и поодржливи модели на партнерство и дијалог, а пред сè за:

- Определување одговорно лице и координативно тело за унапредување на соработката меѓу општина Дебар и граѓанските организации и другите засегнати групи на граѓани;
- Создавање услови за зголемување на влијанието на граѓанските организации и граѓаните при креирањето на политиките, кои се битни за локалната заедница;
- Стратешки партнерства меѓу општината Дебар и граѓанските организации кои ќе придонесуваат за достигнување на целите и приоритетите од јавен интерес;
- Транспарентен систем на финансиска поддршка на граѓанските организации од страна на општината;
- Поддршка на граѓанските организации во нивната улога на промотори на граѓанскиот активизам и на волонтерството, а во насока на одржливиот развој на општината.

Посветеноста на општина Дебар да ја унапредува соработката со граѓанските организации е резултат на досегашното признание за придонесот на граѓанските организации во промовирањето на напредни идеи и вредности од интерес на сите граѓани.

# 1.2. Методологија

Стратегијата е подготвена на консултативен начин со вклученост на граѓанските организации во периодот од септември до ноември 2011 година, во две фази.

Во првата фаза беше формирана работна група за подготовка на концепт на Стратегијата. Со поддршка за водење на процесот од претставник на МЦМС, работната група ја сочинуваа пет члена, и тоа: еден претставник од Советот на општина Дебар, двајца претставници на општинската администрација и двајца претставници од граѓанските организации. Работната група одржа три еднодневни работилници на коишто беше поставена структурата на Стратегијата и беа определени општата цел, целите, принципите и предлог-активностите. Со подготвениот предлог-концепт, беше заокружена првата фаза од подготовката на стратегијата.

Во втората фаза, за предлог-концептот на Стратегијата беше дискутирано на првиот форум со поголема група организации и претставници на Советот на општина Дебар. Забелешките дадени на форумот по предложениот документ беа повторно разгледани од страна на работната група.

Покрај комбинираниот модел на фокусирани расправи преку работна група и пошироки консултации, идентификувањето на потребите на секторот и приоритетните активности беа исто така определени и преку одговорени прашалници од страна на организациите.

Процесот на подготовка на Стратегијата се заврши со консултативна дводневна работилница на Програмскиот одбор на проектот „Граѓански дијалог на локално ниво“, кој е составен од претставници од трите пилот-општини во проектот (Битола, Дебар и Јегуновце), претставник на Министерството за локална самоуправа, претставник на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и претставници на МЦМС.

# 1.3. Принципи

## Супсидијарност како темел на партнерскиот однос

Комуникацијата и вклученоста ќе се развива од самиот почеток до крајот на одреден процес, односно од најниското ниво, од граѓанинот и граѓанските организации коишто се вклучуваат во процесот на подготвување на овој стратешки документ, па сè до неговото тековно спроведување. Концептите, како што се „форуми на заедницата“, „вклучување во одлучувачкиот процес на самите граѓани“, „граѓански групи“, „граѓанско тело“ го имаат предвид граѓанинот во прв ред.

## Размена на идеи и консултации

Општината ќе создава клима на активна комуникација, каде што општината ќе ги слуша сите предлози, а граѓанинот ќе може да ги пренесува сите свои ставови и мислења. Овој стратешки план ќе создава механизам со кој локалната самоуправа ги мотивира граѓанските организации за активно учество на седниците на Советот на општината, и тоа преку правилник на Советот на општината, преку одредување човек/ алка на општината и граѓанските организации, како и мешовито тело за следење на стратешкиот пристап.

## Транспарентност

Во овој стратешки документ се тргнува од фактот дека транспарентноста е еден од клучните принципи на демократијата. Истата претставува превентивна мерка за избегнување можни појави на незадоволство и други социо-политички последици. Механизмот на мотивирање на граѓанските организации да учествуваат на седниците на Советот на општината не треба да го гарантира само својството на набљудувачи, туку ќе биде посуштински и подлабок, а во рамките и границите предвидени со закон. Информирањето за активностите на јавниот сектор ќе биде поинтензивиран и поредовно организиран и координиран преку стручно и редовно обучен кадар, поефикасна структура и поедноставување на пристапот преку електронска и софтверска решенија.

## Независност

Општината ќе го предводи процесот на создавање услови каде што граѓанските организации ќе придонесуваат во подигнување на јавната свест, во усовршување на работата на јавниот сектор, особено кога истиот покажува неискреност, недоволна стручност и недемократски дејствува кон својата заедница. Овој принцип, заедно со принципот на еднакви можности и недискриминација, ќе создава основа каде што граѓанскиот сектор сосема независен во своите ставови ќе игра улога на „огледало“ на јавниот сектор, а не на неоснована лојалност кон истиот.

## Еднакви можности и недискриминација

Почитувањето на еднаквите можности и недискриминацијата ќе бидат водилка во воспоставените односи за меѓусебна доверба и соработка и наедно, меѓу другото, и одраз на мултикултурализмот во општина Дебар. Важноста на овој принцип ќе биде потенцирана и со подготовка и усвојување правилник за еднакви можности и недискриминација.

# 1.4. Опфат на граѓанскиот сектор: целна група

Општина Дебар има широко разбирање за граѓанското општество, прифаќајќи ја дефиницијата дека *„граѓанското општество е дел од општествениот простор надвор од семејството, државата и пазарот, кој е создаден од страна на индивидуални и колективни акции, организации и институции заради постигнување заеднички интереси*[1]". Ова подразбира дека граѓанскиот сектор ги опфаќа сите облици на здружување определени со Уставот и законите, како што се: здруженија и фондации, синдикати, стопански комори, политички партии, верски заедници и сл. Но за потребите на оваа стратегија е одлучено да бидат земени предвид организациските облици коишто припаѓаат на потесното разбирање на граѓанскиот сектор, а тоа се организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации.[2] Потребата од фокусирање на соработката само со здруженијата и фондациите е поради нивните специфики на основни форми на здружување коишто ги изразуваат интересите пред сè на граѓаните и заедницата и најдиректно ги артикулираат нив. Оваа Стратегија во својот наслов и во содржината ги користи термините граѓански организации, граѓански сектор, граѓанско општество кои референраат на потесната дефиниција и се користат како синоними за здруженија и фондации.

Општина Дебар, покрај формалните облици на здружување, ги прифаќа и неформалните групи граѓани како целна група на оваа стратегија. Досегашното искуство на прифаќање идеи и предлози од граѓани и група граѓани преку оваа стратегија и на поорганизиран начин ќе продолжи и во иднина.

Дополнително, имајќи ја предвид општата цел на оваа стратегија, дел од мерките предвидуваат заедничка соработка и партнерство на локалната самоуправа и граѓанските организации и со другите чинители во општеството, односно во заедницата, како што се локалните бизниси, здруженијата на работодавачите, синдикатите и сл.



1 Дефиницијата е усогласена во Цивикус – Индексот на граѓанското општество за Република Македонија, МЦМС, 2011

2 Службен весник на РМ, бр. 52/2010, Закон за здруженија и фондации

# II ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО Дебар

Заклучно со декември 2010 година во општина Дебар се регистрирани 85[3] здруженија и фондации, додека до 31 август 2011 година се пререгистрирани само една третина, односно 28 организации[4]. Во просек во општина Дебар има по 4,5 регистрирани организации на 1.000 жители, што е малку под просекот дефиниран на ниво на целата земја (5,6 организации на 1.000 жители). Спортските здруженија и социјално-хуманитарните се најбројни (20 %, односно 16 %), потоа следуваат здруженијата коишто дејствуваат во областа на културата (9 %). Поголемиот дел, односно 44 % се организации кои согласно класификацијата на Централниот регистер на Република Македонија (ЦРМ) се вбројуваат во „други општествени организации, фондации и здруженија на граѓани". Вкупниот буџет за 2010 година на организациите коишто поднеле завршна сметка изнесува 14.813.880 денари, додека во секторот се вработени десет лица.

По сектори, организациите доминантно се најактивни во следните области и се занимаваат со следните активности:

1. Спортско-рекреативни здруженија: активности за риболов, кајакарство, кошарка за млади, фудбал (втора лига), карате (со меѓународни признанија, пингпонгарство итн.);
2. Еднакви можности: женски центри и здруженија, права на помалите етнички заедници;
3. Посебни потреби: здравствено-инвалидски групи, воени инвалиди и др.;
4. Развој на заедницата: неколку активни здруженија за развој на заедницата;
5. Културно наследство, традиција: стопанска комора, занаетчиство, писателски клуб, здруженија за развивање на културниот и историскиот идентитет, театарски здруженија и др.

Активности на граѓанските организации коишто често се поддржани и од општината, стануваат традиционални манифестации за градот. Меѓу нив се: Фестивал на албанскиот театар; Портик на поезијата (од меѓународен карактер); Турнир во мал фудбал; Регата на кајак за мирни води (меѓународен); натпревари на фудбалскиот клуб „Кораб"; активности за заштита на животната средина во соработка со ЕД „Дешат" и сл. Граѓанските организации одиграа многу значајна улога и од социо-хуманитарен аспект, односно беа предводници во прифаќањето на бегалците од Косово во 1999 година.

Организациите во Дебар се соочуваат со слични проблеми како и другите организации на ниво на државата. Мал дел од нив имаат обезбеден простор за работа, немаат редовно вработен персонал, немаат редовни извори на финансирање и сл. Овие

---

3 Извор: ЦРМ

4 Согласно Законот за здруженија и фондации, организациите имаат обврска да направат усогласување на своите акти, односно да се пререгистрираат. Иако Законот не предвидува краен рок за пререгистрација, очекувано е овој податок по 16 месеци од донесување на Законот за бројот на пререгистрирани организации да ја претставува приближно реалната бројка на активни организации.

факти често пати ги доведуваат во прашање и одржувањата на гореспоменатите препознатливи и традиционални манифестации.

Во Дебар карактеристично е и неформалното организирање на групи граѓани. Истите се формираат за истакнување одредени проблеми и прашања и дејствуваат до моментот на решавање на конкретното прашање. Примената на овој организиран начин на дејствување се однесува на проекти од локална инфраструктура и најчесто се карактеризира со елементот на самопридонес (локални патишта, улично осветлување, тротоари, паркови, канализација и водовод и др.).

# III СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

Општина Дебар има за цел да ја зајакне и унапреди соработката со граѓанскиот сектор и да придонесе кон унапредување на заедницата преку активно вклучување на граѓанските организации во процесите на креирање заеднички политики и одржлив развој.

Заложувајќи се за овие достигнувања, општина Дебар наедно придонесува кон зајакнување на граѓанскиот сектор во насока на промовирање на неговата улога во исполнување на очекуваната општествена улога што му припаѓа на секторот.

Достигнувањето на општата цел на Стратегијата ќе се оствари преку пет меѓусебно поврзани цели:

- Воспоставен механизам на соработката меѓу општината Дебар и граѓанските организации и неформалните групи/ групи граѓани;
- Зголемување на учеството на граѓанските организации во процесите на планирање и спроведување на локалните политики;
- Развивање стратешки партнерства меѓу општината и граѓанските организации;
- Воспоставен механизам за (финансиска) поддршка на проекти на граѓанските организации;
- Унапредување на улогата на граѓанските организации и волонтерството во одрживиот развој на општината.

## 3.1. Воспоставен механизам на соработката помеѓу општината Дебар и граѓанските организации и неформални групи граѓани

Општина Дебар има за цел да воспостави функционален механизам за соработка меѓу општината и граѓанските организации, примарно преку определување одговорно лице од општината и преку формирање управувачки комитет сочинет од претставници на граѓански организации и локалната самоуправа. Важен дел за одвивањето на соработката и постигнувањето на оваа цел претставува постоењето бесплатна база на податоци на регистрирани граѓански организации во општина Дебар. Оваа база ќе биде дел од просторот на веб-страницата на општината каде на едноставен начин секој би можел да пристапи и да ги користи објавените и редовно ажурирани податоци, со што ќе се олесни и збогати комуникацијата, не само меѓу општината и граѓанските организации, туку и меѓу самите граѓански организации и други неформални групи граѓани.

За да се постигне оваа цел, општината ќе се заложи за:

1) Одредување лице од општината со јасни надлежности за соработка со ГО;
2) Основање управувачки комитет за следење на соработката меѓу општината и ГО и за набљудување и оценување на спроведување на Стратегијата (претставници на ГО, локална самоуправа);
3) Обезбедување простор на веб-страницата на општината за граѓанските организации;
4) Зајакнување на капацитетите на одговорното лице за соработка со граѓанскиот сектор и на релевантните службеници од општинската администрација.

За постигнувањето на овие резултати, општината ќе започне со дефинирање опис на надлежности за лице надлежно за соработка со граѓански организации, по што ќе биде извршен негов избор. Комуникацијата меѓу одговорното лице и граѓанските организации ќе се одвива преку размена на информации, одржување состаноци, подготовка на известувања и билтени. Знаењата и вештините на избраното лице за соработка, како и релевантните службеници од општината ќе бидат проценети и подоцна соодветно надградени преку обуки, студиски посети, разменски искуства итн. Ќе биде основан управувачки комитет, кој ќе ја следи соработката меѓу општината и граѓанските организации, како и спроведувањето на Стратегијата. За неговото основање ќе бидат дефинирани критериуми за избор на членови во комитетот, а потоа и ќе бидат избрани истите. Ќе се препорача составот на управувачкиот комитет да го сочинуваат доминантно претставници на граѓанските организации, а помал број службеници на општинската администрација и членови на Советот на општина Дебар. Членовите на Комитетот редовно ќе одржуваат состаноци и ќе изготват годишна програма за работењето во согласност со Стратегијата. Следењето на спроведувањето на Стратегијата ќе биде содржано во годишните извештаи за коишто меѓу другото ќе се добиваат информации и од фокус-групи сочинети од претставници од граѓанските организации и локалната самоуправа. Соработката меѓу организациите и општината ќе се продлабочи преку обезбедувањето простор на веб-страницата на општината за граѓанските организации. На тој простор ќе биде креирана база на податоци за регистрирани организации, за што податоци ќе се добијат од ЦРМ, а ќе се повикаат и организациите да се регистрираат во базата. Ќе биде набавено софтверско решение за базата на податоци, а по поставување на истата, ќе биде задолжен одговорен службеник за нејзино одржување и редовно ажурирање. Веб-страницата исто така ќе обезбеди простор каде што организациите ќе може да информираат за своите активности, резултати, настани и сл., како и простор за годишни извештаи на организациите, нивните статути и сл.

# 3.2. Зголемување на учеството на граѓанските организации во процесите на планирање и спроведување на локалните политики

Партиципативниот пристап на планирање и спроведување локални политики подразбира потреба од зголемување на бројот на граѓанските организации и граѓаните коишто ќе бидат вклучени во овие процеси на локалната самоуправа. Општината ќе ги преземе сите неопходни мерки за да им овозможи на граѓанските организации и граѓаните да ги изразат своите ставови во однос на локалните политики и истите да бидат разгледани во процесите на одлучување.

За да се постигне оваа цел, општината ќе се заложи за:

1) Интегрирање на принципите на учество во регулативата на локалната самоуправа;
2) Мотивирање на граѓанските организации да се вклучат во процесот на планирање и подготовка на стратешки документи во одредени области (животната средина, социјални прашања, култура, спорт, млади, образование, економски развој и сл.);
3) Претставници на граѓанските организации да учествуваат во работните тела/ комисии на локалната самоуправа;
4) Практикување на моделот „Форуми во заедницата“ како начин на вклучување на ГО и граѓаните во процесите на креирање на политиките.

За остварување на овие резултати општина Дебар пред сè ќе го измени и дополни Статутот на општината со принципите за активна соработка со граѓанскиот сектор и изработка на правилник за вклучување на граѓанскиот сектор во процесите на планирање и спроведување на локалните политики. Со цел да се мотивираат граѓанските организации за вклучување во процесот на планирање и спроведување на локалните политики, општина Дебар ќе изготви план за нивно вклучување. Планот ќе им даде почетен импулс во областите од нивни интерес поактивно да се ангажираат и да вклучат свои претставници во работните тела/ комисиите на локалната самоуправа, кои ќе се залагаат за подобро креирање на локалните политики. Следен чекор ќе биде формирање мешовита работна група која ќе подготви постапка и критериуми за избор на претставници на граѓански организации во работните тела на општината. Претставниците на граѓанските организации врз основа на воспоставениот систем за избор ќе бидат вклучени во комисиите на локалната самоуправа согласно темата на расправа на комисијата. Исто така се

поттикнува редовна комуникација и консултации меѓу Управниот комитет за следење на спроведување на стратегијата и Комисијата за односи меѓу заедниците. Моделот на форуми во заедниците во општина Дебар како основен модел за партиципативна вклученост во идентификувањето на локалните потреби ќе се практикува преку одржување редовни консултативни настани за избор на приоритетни проекти на кои ќе се вклучат што е можно поголем број граѓани и граѓански организации. На овие настани ќе се определат приоритетни потреби во општината и со средства од општинскиот буџет и други донации ќе реализира проекти кои ќе бидат одговор на идентификуваните потреби. Општина Дебар преку организирање форуми во заедницата ќе придонесе кон зголемување на учеството на граѓанските организации и граѓаните чиј потенцијал за демократизација на процесите на одлучување во локалната самоуправа сè уште не е доволно искористен.

## 3.3. Развивање стратешки партнерства помеѓу општината Дебар и граѓанските организации

Општина Дебар има за цел, меѓу другото, и да ја подигне соработката со граѓанските организации на ниво на партнерство, особено при преземање заеднички акции во области од интерес на локалната заедница. Важноста од развивањето стратешки партнерства суштински ќе се согледа откако ќе бидат анализирани и издвоени специфичните области во кои локалната самоуправа може да соработува со граѓанските организации, како и да им делегира свои надлежности како корисна пракса за засегнатите страни од аспект на олеснување на функционирањето на локалната самоуправа, поголема вклученост на граѓанските организации и граѓаните и меѓусебна размена на информации и учење.

За да се постигне оваа цел, општината ќе се заложи:

1) Да ги анализира и определи специфичните области од интерес на локалната заедница за иницирање партнерство со граѓанските организации;
2) Да воспостави механизам за координација при можни финансирања на активности од утврдените области од интерес на локалната заедница;
3) Да одреди критериуми за делегирање надлежности од страна на општината на граѓанските организации.



Анализирањето на специфичните области од интерес на локалната заедница ќе се остварат со претходно организирање консултативен процес на општината со организациите и определување на областите, кои потоа ќе бидат промовирани заради реализирање заеднички акции и проекти на општината со граѓанските организации. Во напорите на општина Дебар да воспостави механизам за координација кога се

во прашање можните извори за финансирање од други донатори (како ИПА на ЕУ и сл.) ќе бидат организирани информативни настани за отворените повици за финансирање, редовни состаноци за можни партнерства при аплицирање проекти и можности за заеднички апликации, склучување меморандуми за соработка и сл. Исто така повиците од сите донатори за финансирање проекти коишто може да бидат спроведувани од граѓанските организации или во партнерство на општината со граѓанските организации ќе бидат објавени на веб-страницата на општината. Општина Дебар на партиципативен начин со консултирање со граѓанските организации и другите засегнати страни ќе утврди области во кои може да делегира надлежности. Дополнително ќе се преземаат сите административни мерки за да може општината дел од своите надлежности коишто ќе одлучи да ги делегира, да бидат спроведувани од страна на граѓанските организации.

# 3.4. Воспоставен механизам за (финансиска) поддршка на заеднички иницијативи на општината и ГО

Општина Дебар е свесна за потребата од финансиска поддршка на локалните организации во услови на намалени донации од други домашни и странски извори. Затоа во годините station наназад општината значително го поддржува граѓанскиот сектор со средства од буџетот на општината. Имено, општина Дебар издвојува најголем процент на средства од сопствениот буџет за финансирање проекти на граѓанските организации споредбено со другите единици на локалната самоуправа во земјава. Овој тренд општината ќе го задржи и во иднина, особено со воспоставување потранспарентни процедура и критериуми за доделување на средствата и со редовно објавување јавен повик со што ќе се засили довербата меѓу граѓанските организации и локалната самоуправа како предуслов за градење одржливи и силни партнерства.

За да се постигне оваа цел, општината ќе се заложи за:

1) Редовна финансиска поддршка на проекти на граѓанските организации (финансирање и кофинансирање) од буџетот на општината;

2) Дефинирање транспарентна постапка и критериуми за финансиска поддршка на граѓанските организации;

3) Практикување јавен повик за финансирање проекти на граѓанските организации.

Финансиската поддршка на општина Дебар кон граѓанските организации ќе биде отворена и јавна. За таа цел ќе биде изработен стандарден формулар за пријавување,

а повиците ќе бидат редовно објавувани и достапни за сите заинтересирани граѓански организации. Општината секоја година ќе ги определува приоритетните области во коишто ќе бидат финансирани проекти на граѓанските организации во форма на годишна програма за финансирање. Транспарентна ќе биде и постапката и критериумите за финансиска поддршка на граѓанските организации. Општина Дебар при финансирањето на граѓанските организации ќе ги применува одредбите од владиниот Кодекс за најдобри практики за финансирање здруженија и фондации од страна на буџетот. Граѓанските организации ќе изготвуваат извештаи за проектите (ко)финансирани од буџетот на општината, додека општината на крајот од годината ќе подготви извештај за средствата кои ги доделила и нивното искористување. За обезбедувањето непречено одвивање на активностите на граѓанските организации, општина Дебар ќе определи и посебен фонд во буџетот на општината за кофинансирање на проектите за коишто граѓанските организации добиле поддршка од други донатори (како на пример поддршка од ИПА на ЕУ, компонентата за прекугранична соработка и сл.).

# 3.5. Унапредување на улогата на ГО и волонтерството во одрживиот развој на општината

Општина Дебар, познавајќи ја значајната улогата на волонтерството како вредност за општеството, заедно со граѓанските организации ќе настојува да промовира и поттикнува волонтерски акции и општо граѓански активизам. Исто така, општината ќе се залага за зголемувањето на бројот на граѓанските организации коишто меѓу другото ќе придонесуваат кон едукација на населението и мотивирање за поголема нивна вклученост во активностите. Континуираното ангажирање и работење кон постигнувањето заеднички специфични цели помеѓу трите сектори ќе обезбеди одржлив развој. Општествено одговорните локални бизниси ќе бидат поттикнати да потпомогнат во развојот на општина Дебар, меѓутоа потребно е да бидат мотивирани, како од страна на граѓанските организации, така и од општината. Општествено одговорни практики на локалните бизниси чие влијание врз општеството и животната средина е од голема важност, ќе придонесат за подобрување на целокупниот квалитет на живот во општина Дебар.

За да се постигне оваа цел, општината ќе се заложи за:

1) Воспоставување инкубатор на ГО;

2) Финансиски да поддржува проекти на ГО кои го промовираат волонтерството и граѓанскиот активизам;

3) Иницирање конкурси за волонтерство/ практиканство во општината и јавните институции;

4) Промовирање општествена одговорност на локалните бизниси во функција на одржливиот развој на општината;

5) Спроведување промотивни и поттикнувачки активности за граѓански активизам и волонтерството.

Воспоставувањето на инкубаторот на граѓанските организации кој ќе генерира нови организации ќе биде поддржан од општината, а во соработка со приватниот сектор. Општината ќе ги обезбеди минималните логистички услови за функционирање на инкубаторот и ќе преземе повеќе активности за да ги поттикне локалните бизниси да ја согледаат важноста од развиен граѓански сектор, а со тоа да ја поддржат одржливоста на новоформираните организации. Важноста на волонтерството ќе биде нагласена со негово поставување како приоритет во програмата на општината за финансирање на граѓанските организации, а општината редовно годишно би подржувала организации кои промовираат волонтерство и активности со масовен граѓански активизам. Самата општина во напорите да го поддржи волонтерството ќе дефинира во кои сектори од сопствената администрација има потреба од волонтери и практиканти, ќе го анализира интересот на невработените млади и студенти за работење, кој постои во рамките на општината и соодветно ќе ги ангажира со определување ментор кој ќе ги води во процесот на работа на општината. Промотивни активности за поттикнување на волонтеризмот и граѓански активизам ќе бидат: печатени материјали, одредени настани, заеднички акции, поддршка на локални акции со заеднички напори, одбележување на денот на волонтерството, доделување награди за волонтерски придонес  итн.

# IV
# СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И РЕВИЗИЈА

Општината и граѓанските организации се примарно одговорни за следење на процесот на спроведување на Стратегијата, како и нејзината ефективност, со цел да се прилагодат активностите на тековните потреби.

Одговорното лице за соработка со граѓанските организации, водено од Управувачкиот комитет и во консултации со граѓанските организации, ќе подготви план за следење на спроведувањето на Стратегијата.

Планот ќе предвиди одговорното лице и Управувачкиот комитет да поднесуваат извештај на крајот на секоја година до Советот на општина Дебар за извршените активности и постигнатите цели од спроведувањето на Стратегијата. По втората година од спроведување на Стратегијата, ќе се направи оценка на достигнувањата на Стратегијата. Оценката ќе биде подготвена преку консултации со претставници на граѓанските организации, општината, бизнис-секторот, граѓаните и медиумите. Ќе биде побарана надворешна поддршка за фасилитирање на процесот на оценка на Стратегијата. Резултатите од оценката ќе содржат анализа на дотогашното спроведување, информации за постигнатите цели, заклучоци и препораки за евентуална измена и прилагодување на Стратегијата и на Акцискиот план кон состојбите и потребите.

Управувачкиот комитет и одговорното лице за соработка со граѓанските организации ја имаат примарната улога во координирање на спроведувањето на Стратегијата.

Временската рамка за спроведување на стратегијата е четири години и истата ќе се спроведува во периодот од јануари 2012 до декември 2015 година.

Конкретните активности за спроведување на Стратегијата со определена временска рамка, носители на активности, односно одговорни институции, показатели за реализираните активности и алокацијата на изворот на финансирање на активностите се содржани во Акцискиот план, којшто е составен дел на оваа стратегија (прилог 1).

# ПРИЛОГ 1
# АКЦИСКИ ПЛАН

| СЦ 1 | Воспоставен механизам на соработката помеѓу општината Дебар и граѓанските организации и групи граѓани | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **р.б.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 1.1. | Одредено е лице со јасни надлежности од општината за соработка со ГО | ▸ Дефинирање опис на надлежности за определеното лице за комуникација со ГО;<br>▸ Избор на лице надлежно за соработка со ГО;<br>▸ Воспоставени правила на информирање и комуникација меѓу одговорното лица и организациите (редови состаноци, подготовка на информативни билтени, размена на информации и сл.). | ЛС | 2012/во континуитет | ▸ Избрано лице за соработка со ГО;<br>▸ Бр. на одржани состаноци помеѓу ГО и лицето задолжено за соработка;<br>▸ Бр. на испратени информации до ГО (е-пошта). | Буџет на ЛС |
| 1.2. | Основан е Управувачки комитет за следење на соработката меѓу општината и ГО и за набљудување и оценување на спроведување на Стратегијата (претставници на ГО, локална самоуправа) | ▸ Дефинирање критериуми за избор на претставници во Управувачки комитет (вклучително и мандатот и составот);<br>▸ Избор на членовите на комитетот (од страна на Советот);<br>▸ Одржување состаноци на комитетот;<br>▸ Подготовка на годишна програма во согласност со стратегијата;<br>▸ Одржување состаноци со фокус-групи за подготовка на извештај за прогресот на спроведување на стратегијата;<br>▸ Годишни извештаи за спроведување на стратегијата. | ЛС<br>ГО | 2012/во континуитет | ▸ Воспоставен Управувачки комитет (УК);<br>▸ Бр. на состаноци на УК;<br>▸ 4 годишни програми;<br>▸ Бр. на состаноци со фокус-групи;<br>▸ 4 годишни извештаи. | Буџет на ЛС |

| р.б. | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.3. | Обезбеден е простор на веб-страницата за општината за граѓанските организации | ▸ Обезбедување  податоци од ЦРМ за регистрираните организации во општината;<br>▸ Упатување повик за регистрирање во базата на податоци на општината до регистрирани ГО во општината;<br>▸ Определување одговорен службеник за одржување на базата;<br>▸ Софтверско решение за базата на податоци;<br>▸ Поставување на базата на податоци на веб-страницата на општината;<br>▸ Редовно ажурирање на податоците;<br>▸ Обезбедување простор на веб-страницата за поставување тековни информации од ГО;<br>▸ Редовно доставување и објавување информации од ГО (годишни извештаи за работа, известување за активности, резултати, настани и сл.). | ЛС | 2012/во континуитет | ▸ Подготвена база на податоци;<br>▸ Бр. на регистрирани организации во базата;<br>▸ Приспособена веб-страница;<br>▸ Бр. на објавени информации од ГО на веб-страницата на општината. | Буџет на ЛС/ донатори |
| 1.4. | Зајакнати капацитети на одговорното лице за соработка со граѓанскиот сектор и релевантните службеници од општинската администрација | ▸ Процена на вештините, знаењата и капацитетите на одговорниот службеник за соработка и општинската администрација;<br>▸ Изготвување и спроведување план за надоградување на капацитетите на одговорниот службеник и другите релевантни  службеници во општинската администрација. | ЛС | 2012-2015 | ▸ Усвоен план за јакнење на капацитетите;<br>▸ Бр. на посетени обуки;<br>▸ Бр. на студиски посети/ разменски искуства;<br>▸ Извештаи за остварените активности (обуки, студиски посети и сл.). | Буџет на ЛС/ донатори |

| **СЦ 2** | **Зголемување на учеството на граѓанските организации во процесите на планирање и спроведување на локалните политики** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **р.б.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 2.1. | Интегрирани се принципите на учество во регулативата на локалната самоуправа (статут, одлуки на Советот на општината, правилници) | ▸ Дополнување на статутот на општината со принципите за активна соработка со граѓанскиот сектор;<br>▸ Изработка на правилник за вклучување на граѓанскиот сектор во процесите на планирање и спроведување во областите од јавен интерес. | ЛС | 2012 | ▸ Изменет статут;<br>▸ Изработен правилник. | Буџет на ЛС |
| 2.2. | ГО се мотивирани да се вклучат во процесот на планирање и подготовка на стратешки документи во одредени области (животната средина, социјални прашања, култура, спорт, млади, образование, економски развој и сл.) | ▸ Изработка на план за вклучување на ГО во подготовка на стратешките документи (писмени предлози од страна на граѓаните, јавни расправи);<br>▸ Формирање мешовита работна група за подготовка на постапка и критериуми за избор на претставници на ГО;<br>▸ Практикување на воспоставените постапки и критериуми за избор на претставници. | ЛС | 2012/во континуитет | ▸ Усвоен план за вклучување на претставници на ГО;<br>▸ Број на вклучени ГО во подготовка на стратешките документи во различни области;<br>▸ Број на дискусии од страна на ГО;<br>▸ Број на прифатени предлози од ГО. | Буџет на ЛС |

| р.б. | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.3. | Претставници на ГО учествуваат во работните тела/ комисии на локалната самоуправа | ▸ Воспоставување систем (постапка и критериуми) за избор на претставници на ГО за учество во комисиите;<br>▸ Вклучување претставник од страна на ГО согласно темата на расправа на комисијата;<br>▸ Редовна комуникација и консултации меѓу Управниот комитет за следење на спроведување на стратегијата и Комисијата за односи меѓу заедниците. | ЛС<br>ГО | 2013/во континуитет | ▸ Бр. на комисии во кои е вклучен претставник на ГО (во однос на сите одржани комисии);<br>▸ Бр. на состаноци и разменети информации помеѓу УК и КОМЗ. | Буџет на ЛС |
| 2.4. | Практикување на моделот „Форуми во заедницата“ како начин на вклучување на ГО и граѓаните во процесите на креирање на политиките | ▸ Одржување редовни консултативни настани за избор на приоритетни проекти;<br>▸ Определување на средствата во буџетот за форумите во заедницата за еден проект. | ЛС | 2012-2015 | ▸ Бр. на реализирани форуми;<br>▸ Бр. на вклучени граѓани/ ГО во форумот.<br>▸ Бр. на реализирани проекти од форумот. | Буџет на ЛС/ донатори |
| **СЦ 3** | **Развивање стратешки партнерства помеѓу општината и граѓанските организации** | | | | | |
| **р.б.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 3.1. | Анализирани се и определени специфичните области од интерес на локалната заедница за иницирање партнерство со ГО | ▸ Организирање консултативен процес со ГО при определување на специфичните области од интерес на локалната заедница;<br>▸ Утврдување и промовирање на специфичните области од интерес на општината за иницирање партнерство со ГО. | ЛС | 2012/во континуитет | ▸ Бр. на одржани консултативни средби;<br>▸ Бр. на ГО вклучени во консултации;<br>▸ Утврдени области;<br>▸ Организирани настани и друг вид објави (пр. на веб-страница) за промоција на областите. | Буџет на ЛС |

| р.б. | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2. | Воспоставен механизам за координација при можни финансирања на активности од утврдените области од интерес на локалната заедница | ▸ Организирање информативни настани за отворените повици;<br>▸ Поставување на достапните информации за повиците на веб-страницата на општината;<br>▸ Редовни консултативни и координативни состаноци за потенцијални партнерства (при аплицирање);<br>▸ Подготовка на заеднички апликации;<br>▸ Склучување меморандуми за соработка. | ЛС | 2012-2015 | ▸ Бр. на одржани информативни настани;<br>▸ Број на информативни објави на веб-страницата;<br>▸ Бр. на состаноци за потенцијални партнерства;<br>▸ Бр. на заеднички апликации;<br>▸ Бр. на склучени меморандуми. | Буџет на ЛС/ донатори |
| 3.3. | Одредени се критериуми за делегирање надлежности од страна на општината на ГО | ▸ Утврдување на областите во коишто може да се делегираат надлежности;<br>▸ Развивање критериуми за делегирање надлежности;<br>▸ Воспоставена пракса за делегирање надлежности. | ЛС<br>ГО | 2014-2015 | ▸ Утврдени се области за делегирање надлежности;<br>▸ Усвоени се критериуми за делегирање надлежности;<br>▸ Бр. надлежности кои се делегирани на ГО. | Буџет на ЛС/ донатори |
| **СЦ 4** | **Воспоставен механизам за (финансиска) поддршка на проекти на граѓанските организации** | | | | | |
| **р.б.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 4.1. | Редовна финансиска поддршка на проекти на ГО (финансирање и кофинансирање) од буџетот на општината | ▸ Определување на средствата во буџетот на општината за поддршка на проекти на ГО;<br>▸ Определување посебен фонд од буџетот на општината наменет за кофинансирање на проекти. | ЛС | 2012 | ▸ Износот на средства определен за поддршка за ГО (% на буџетот);<br>▸ Определена висина на посебен фонд за кофинансирање;<br>▸ Тренд на пораст на износот во буџетската ставка за поддршка на ГО. | Буџет на ЛС |

| р.б. | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2. | Дефинирана е транспарентна постапка и критериуми за финансиска поддршка на ГО | ▸ Подготовка на критериумите и постапката за доделување финансиски средства за ГО;<br>▸ Воспоставување пракса ГО да известуваат за проектите (ко)финансирани од буџетот на општината;<br>▸ Подготвување годишен извештај од страна на општината за доделените средства и негово јавно објавување. | ЛС | 2012/во континуитет | ▸ Усвоени критериуми и постапка;<br>▸ Завршни извештаи од ГО за поддржани проекти;<br>▸ Годишни извештаи на општината за доделените средства. | Буџет на ЛС |
| 4.3. | Практикување јавен повик за финансирање проекти на ГО | ▸ Изработка на апликациски формулар;<br>▸ Редовно објавување јавен повик. | ЛС | 2012/во континуитет | ▸ Подготвени формулари за апликација;<br>▸ Бр. на објавени јавни повици;<br>▸ Бр. на ГО кои добиле средства. | Буџет на ЛС |
| **СЦ 5** | **Унапредување на улогата на ГО и волонтерството во одржливиот развој на општината** | | | | | |
| **р.б.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 5.1. | Воспоставување инкубатор на ГО | ▸ Соработка на општината со приватниот сектор за (можно) кофинансирање на инкубатор за ГО. | ЛС<br>ГО | 2015 | ▸ Критериуми за користење на инкубатор за ГО;<br>▸ Воспоставен инкубатор. | ЕЛС/ приватен сектор/ донатори |

| р.б. | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.2. | Финансиски се поддржуваат проекти на ГО од страна на општината кои го промовираат волонтерството и граѓанскиот активизам | ▸ Определување на волонтерството како основен приоритет во програмата на општината за финансирање на ГО;<br>▸ Се применува редовна годишна финансиска поддршка на ГО кои промовираат волонтерство;<br>▸ Финансиска поддршка на ГО кои промовираат активности со масовна вклученост на граѓани. | ЛС | 2012-2015 | ▸ Бр. на поддржани проекти за волонтерство;<br>▸ Износ на средства доделени за промовирање волонтерство;<br>▸ Број на зголемено членство во ГО;<br>▸ Бр. на настани за промоција на волонтерство и масовна вклученост на граѓаните. | Буџет на ЛС/ донатори |
| 5.4. | Иницирани се конкурси за волонтерство/ практиканство во општината и јавните институции | ▸ Дефинирање на секторите во општината коишто имаат потреба од практиканти;<br>▸ Анализа меѓу невработените млади и студенти за нивна заинтересираност за практиканство и области за практиканство;<br>▸ Определување ментори за практикантите и водење на практикантите во процесот на работата на локалната администрација. | ЛС | 2012/во континуитет | ▸ Спроведена анкета за заинтересираност за практиканство/ волонтерство;<br>▸ Бр. на практиканти/ волонтери во јавниот сектор. | Буџет на ЛС |
| 5.5. | Се промовира општествената одговорност на локалните бизниси во функција на одрживиот развој на општината | ▸ Определување приоритети од општината за поддршка на проекти од страна на локалните бизниси;<br>▸ Организирање форуми за размена на информации за потенцијална соработка меѓу општината, ГО и локалните бизниси. | ЛС | 2013/во континуитет | ▸ Определени приоритети на општината;<br>▸ Бр. на промотивни настани (форуми);<br>▸ Бр. на присутни ГО и локалните бизниси;<br>▸ Број на поддржани проекти на ГО од страна на локалните бизниси. | Буџет на ЛС/ донатори |

| р.б. | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.6. | Се спроведуваат промотивни и поттикнувачки активности за граѓански активизам и волонтерство | ▸ Печатење промотивни материјали за волонтерство и граѓански активизам;<br>▸ Организирање локални волонтерски акции;<br>▸ Одбележување на меѓународниот ден на волонтерството (пофалници за најдобро здружение, најдобар активист, најголем поддржувач од страна на локалните бизниси итн.);<br>▸ Заедничко организирање настани за поддршка на локални акции (екологија, образование, култура и др.). | ЛС<br>ГО | 2012-2015 | ▸ Бр. на отпечатени материјали;<br>▸ Бр. на организирани настани;<br>▸ Бр. на заеднички акции;<br>▸ Бр. на учесници во локални волонтерски акции. | Буџет на ЛС/ донатори |